Уп. бр. 08-25

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвата Хајнеман Африка ГмбХ со регистрирано седиште на Кореаштрасе 3, 20457 Хамбург, Германија, Џорданијан Дјути Фри Шопс со регистрирано седиште во Амон Комплекот, до Централ Парк Хотел, Тунис Ст. 941601, Аман, 11194, Јордан и Араб Суплај & Трејдинг Ко. со регистрирано седиште на 6340 Ал Ахса 3108 Ал Захра Дист. Ријад 12812, Кралство Саудиска Арабија, доставено преку адвокат Божидар Милошевиќ од Скопје, на седницата одржана на ден 26.02.2024 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Хајнеман Африка ГмбХ со регистрирано седиште на Кореаштрасе 3, 20457 Хамбург, Германија, Џорданијан Дјути Фри Шопс со регистрирано седиште во Амон Комплекот, до Централ Парк Хотел, Тунис Ст. 941601, Аман, 11194, Јордан и Араб Суплај & Трејдинг Ко. со регистрирано седиште на 6340 Ал Ахса 3108 Ал Захра Дист. Ријад 12812, Кралство Саудиска Арабија, ќе формираат целосно функционално заедничко вложување, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 22.01.2024 година, а дополнето на ден 26.01.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на друштвата Хајнеман Африка ГмбХ со регистрирано седиште на Кореаштрасе 3, 20457 Хамбург, Германија, Џорданијан Дјути Фри Шопс со регистрирано седиште во Амон Комплекот, до Централ Парк Хотел, Тунис Ст. 941601, Аман, 11194, Јордан и Араб Суплај & Трејдинг Ко. со регистрирано седиште на 6340 Ал Ахса 3108 Ал Захра Дист. Ријад 12812, Кралство Саудиска Арабија, со која друштвата Хајнеман Африка ГмбХ, Џорданијан Дјути Фри Шопс и Араб Суплај & Трејдинг Ко. ќе формираат целосно функционално заедничко вложување кое сеуште не е создадено кое ќе обезбедува услуги за бесцаринска продажба на мало при патувања и да управува такви продавници.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

-**Хајнеман Африка ГмбХ** е зависно друштво на Герб.Хајнеман СЕ Ко. КГ, (ГХ). ГХ е фамилијарен бизнис кој управува и снабдува дјути фри продавници/продавници од вредност при патувања на аеродроми, поморски пристаништа, фери бродови, крузери и гранични премини ширум светот.

ГХ има едно зависно/групацско друштвово Северна Македонија -Друштво за трговја и услуги ТРАВЕЛ ФРИ МА ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул.Македонија бр.5-2/22 Скопје и регистрирана приориттна дејност-трговија на мало во неспецијализирани продавници, претежно со храна, пијалоци и тутун.

-**Џорданијан Дјути Фри Шопс** е јавно акционерско друштво, основано според законите на Јордан. Џорданијан Дјути Фри Шопс се занимава со основање, управување и инвестирање во дјути фри продавници на гранични премини и во која било зона во која властите дозволуваат. Продава и увезени странски и домашни стоки во странска и домашна валута во дјути фри продавници. Ниту една од дјути фри продавниците со кои управува Џорданијан Дјути Фри Шопс ЏДФШ не се наоѓаат на аеродромите во Јордан.

Џорданијан Дјути Фри Шопс XXX[1], при што нема регистриран субјект во Северна Македонија и нема остварено приходи во Северна Маедонија во 2022 година.

-**Араб Суплај & Трејдинг Ко.** е друштво со ограничена одговорност основана

[1] Податоците претставуваат деловна тајна

според законите на Кралство Судиска Арабија и истото се занимава со општи градежни работи на станбени и нестанбени згради, патишта, улици, покрај електрани и конвертори. Преку своите зависни друштва под контрола, Араб Суплај & Трејдинг Ко. Групацијата е активна во земјоделството, производството на храна, трговијата на мало и големо, транспортот, здравствената заштита, градежништвото, комуникацијата, челични конструкции и градежни материјали, полимери, фармацевтски производи, ѓубрива, активности за недвижнини, инвестиции, челична конструкција и градежни материјали. Араб Суплај & Трејдинг Ко. не се занимава со обезбедување на малопродажни услуги при патување на аеродроми на Локации за патување.

Араб Суплај & Трејдинг Ко. Групацијата не е активна во Северна Македонија, односно нема зависни друштва нема остварено приходи во Северна Македонија во 2022 година.

Намерата на учесниците во концентрацијата е заедничкото вложување ОпКо да биде активно во обезбедување на услуги а безцаринска продажба на мало при патувања на меѓународниот аеродром Кинг Абдулазиз во Џеда, Кралство Судиска Арабија . XXX[2].

Не е планирано заедничко вложување - ОпКо да биде присутно во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

---

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**